Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 109/0306
30.06 20 26 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на јавна седница одржана на 17.06.2026 година, врз основа на примена жалба од здружението **Родителски Фронт,** најпрво расправаше, а потоа и го усвои следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Во објавата на фејсбук страницата на онлајн медиумот **„Моја Струмица“,** под наслов **„Демохристијански гласови за казино-игралиште во Куклиш“** од 19. 05.2026 г., како и во објавата **„Зошто во Македонија не се поднесува слободната мисла во медиумите“** од 03.06.2026 г. нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот, Здружението на граѓани Родителски Фронт до СЕММ, на 09.06.2026 г., упати жалба за медиумот „Моја Струмица“ и за неговиот сопственик и уредник Јане Кујумџиев, поврзана со објавата на онлајн медиумот „Моја Струмица“, под наслов „Демохристијански гласови за казино-игралиште во Куклиш“ од 19. 05.2026 г., како и за објавата „Зошто во Македонија не се поднесува слободната мисла во медиумите“ од 03.06.2026 г. при што се жалат пред сé на етичка повреда на Кодексот на новинарите во поглед на културата на говор во јавната комуникација. Истовремено, жалителот се повикува на „неточно и нефер известување“, „мешање на факти и мислење, вест и коментар“, „пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“ и на „незастапена втора страна“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува: ...„По поставување на прашања од јавен интерес од страна на Родителски Фронт, наместо аргументиран одговор и професионална комуникација, во јавниот простор беа изнесени навредливи и дисквалификувачки квалификации. Меѓу другото, кон извршниот директор на Родителски Фронт беше употребена квалификацијата „жена во средновечна хистерија“, додека граѓани кои го поддржуваат ставот на Родителски Фронт беа наречени „празноглави идиоти“. Сметаме дека ваквиот речник не е во согласност со основните стандарди на јавна комуникација, достоинството на новинарската професија и обврската за почитување на етичките норми....“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот и линкот од објавата), како и пошироко образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се бара појаснување за тоа на која објава од Моја Струмица се однесува жалбата, а по добивањето на појаснувањето од медиумот немаше дополнителен одговор.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека во објавата на фејсбук страницата на онлајн медиумот „Моја Струмица“, под наслов „Демохристијански гласови за казино-игралиште во Куклиш“ од 19. 05.2026 г., како и во објавата „Зошто во Македонија не се поднесува слободната мисла во медиумите“ од 03.06.2026 г. нема отстапување од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст на онлајн медиум кој се однесува на одлуката на Советот на Општина Струмица за изградба на игралиште во село Куклиш кое има обележја на казино, како и за реакциите на граѓанските организации околу ова прашање – тема од јавен интерес. Втората објава - „Демохристијански гласови за казино-игралиште во Куклиш“ од 19. 05.2026 г., е класичен коментар, поврзан со првичниот текст за кој е упатена жалбата.

Комисијата ги оценуваше првенствено и единствено текстовите на медиумот од етички аспект во однос на членовите на Кодексот на новинарите на Македонија, како и соодветните одредби за овие членови од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите од СЕММ, при што утврди дека не постои прекршување.

Комисијата најпрво констатираше дека во првиот текст за одлуката на советниците во Општина Струмица нема ништо спорно и дека онлајн медиумот не сторил никаква повреда на етичките и професионалните стандарди во новинарството. Самиот текст е осврт на фактичка одлука на Советот на Општината предводен од демохристијанската ВМРО-ДПМНЕ, да поддржат изградба на спортско игралиште во село Куклиш, при што ќе стои логото на едно познато казино кое го донира игралиштето. Авторот ја поставува дилемата за контрадикторноста на таквата одлука на мнозинството во Советот од страна на ВМРО-ДПМНЕ, имајќи ги предвид нивните претходни програмски заложби против коцкањето и казината во близина на училишта и други објекти каде доаѓаат млади лица. Дополнително, во текстот се поставува и реторичко прашање за „молкот на граѓанските здруженија кои во минатото жестоко ги бранеа младите од наметнување на различни идеологии“, а сега кога станувало збор за „зло“ на терените на спортот, молчеле. Притоа не е именувана ниту една конкретна организација или здружение.

Но, оваа реченица очигледно била доволна во неа да се препознае здружението Родителски Фронт, бидејќи претходно авторот на текстот се обратил со прашање за нивниот став.

Сето ова резултира со објава со наслов „МОЈА СТРУМИЦА ИЛИ МОЈА КОНСТРУКЦИЈА?“ на фејсбук страницата на Родителски Фронт, во која се проблематизира професионалноста на авторот на текстот и самиот медиум Моја Струмица. Притоа се оценува дека текстот

содржел „суптилна манипулација“ и политичка тенденциозност. Во објавата Родителски Фронт воедно го изнесуваат својот став против експанзијата на казина и обложувалници и поставуваат дополнителни прашања за политичката доследност околу ова прашање.

Потоа на социјалниот медиум се појавува и текстот на Моја Струмица под наслов „Зошто во Македонија не се поднесува слободната мисла во медиумите“. По ова повторно се развива дебата и преписка меѓу двете засегнати страни, при што, жалителот Родителски Фронт се жали на непрофесионалност и некоректност на новинарот и неговиот речник употребен во јавната комуникација, но и дека новинарот не се претставил како новинар првично кога побарал мислење од нив за одлуката на Советот на Општина Струмица.

Токму околу овие прашања, Комисијата оцени дека не е надлежна да постапува по овој дел од жалбата, односно тој дел не може да биде предмет на медиумска саморегулација. Конкретната расправа не се одвивала на платформата на медиумот Моја Струмица, ниту во форма на дебатирање со друга медиумска содржина, туку на личен профил, во контекст на заемна, ескалирана и персонализирана полемика меѓу две страни кои активно си оспорувале кредибилитет, мотиви и јавен интегритет.

Од тука Комисијата реши да даде мислење за етичките и професионалните норми во иницијалниот текст за оваа жалба на Родителски Фронт, а тоа е првичниот текст објавен на онлјан медиумот Моја Струмица под наслов „Демохристијански гласови за казино-игралиште во Куклиш“, при што не утврди никакво прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија. Дополнително, разгледувајќи го и текстот „Зошто во Македонија не се поднесува слободната мисла во медиумите“, за кој што жалителот тврди дека е поврзан со нив, Комисијата не утврди никаква повреда на етичкиот Кодекс, бидејќи станува збор за општ коментар во кој не е споменат ниту еден конкретен субјект, ниту пак жалителот како граѓанска организација, а не се прекршени ниту други етички правила.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата со мнозинство гласови одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Тамара Чаусидис, Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Жана Божиновска, Сефер Тахири и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Тамара Чаусидис

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595